Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Проектот е финансиран
од Европската Унија

**Покана за учество на конференција**

**„Барометар за еднакви можности 2023: од перцепции и искуства до предлози за подобри политики против дискриминација“**
04 декември (понеделник) 2023 година
со почеток од 10:30 часот во х. Холидеј Ин во Скопје.

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Мисијата на ОБСЕ во Скопје го подготвија извештајот Барометар за еднакви можности. Во овој извештај се анализирани наодите од теренската анкета која беше спроведена по четврти пат на репрезентативен примерок во мај/јуни 2023 година, а со која се опфатени перцепциите и искуствата на граѓаните и граѓанките на полето дискриминација. Барометарот за еднакви можности цели да придонесе во борбата против дискриминацијата преку обезбедување на емпириски податоци кои ќе помогнат во креирањето на политиките за недискриминација и еднаквост во земјата. Следењето на трендовите поврзани со ставовите за распространетоста на дискриминацијата преставува корисна алатка како за општата така и за стручната јавност и придонесува за подобрување на собирањето и користењето на податоците за еднаквост. Извештајот треба да овозможи сите заинтересирани страни да добијат увид во трендовите и потоа истите да ги користат во подобрување на мерките и политиките на национално ниво.

Дополнително, подготовката на Барометарот за еднакви можности е предвидена мерка во Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 која обединува различни сектори со цел ефикасно справување со дискриминацијата. Затоа оваа конференција ќе биде подиум за институциите и граѓанскиот сектор да се сплотат во дискустијата и понатамошната реализација на сеопфатни мерки за борба со дискриминацијата во земјата во периодот што следи.

Конференцијата се организира во рамки на проект финансиран од Европската Унија, „Комисијата за антидискриминација ја извршува својата превентивна и заштитна улога“, имплементиран од МЦМС.

За повеќе информации може да се обратите на Александра Савевска на емаил: asv@mcms.mk или телефон 070 414-669.

Во прилог агендата за настанот.

Ви благодариме однапред за соработката.

Со почит,

АСв,ФИв/АСв
09-38/24-2023
Скопје, 15.11.2023

Александар Кржаловски
директор

Македонски центар за меѓународна соработка
МЦМС

ЕУ со ТЕБЕ